Врз основа на член 384, 487 и на член 490 од Законот за трговските друштва и на член 36 од Правилата за котација, и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје Собранието на акционери на Друштвото, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2024 година
(дивиденден календар)

(1) Согласно со Одлуката за распределба на добивка остварена по Годишна сметка за 2024 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2024 година во висина од 360,00 денари нето, односно 400,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

(2) Последен датум за тргување со право на дивиденда за 2024 година е 7.5.2025 година**.**

(3) Прв датум за тргување без право на дивиденда за 2024 година е 8.5.2025 година.

(4) Датум на стекнување право на дивиденда за 2024 година е 9.5.2025 година.

(5) Исплатата на дивидендата за 2024 година ќе започне од 2.6.2025 година и тоа според следната динамика:

2.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите од 1 до 600 акции
9.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите од 601 до 5.000 акции
16.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите од 5.001 до 17.000 акции
23.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите над 17.001 акции

(6) Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Образложение

На ден 7.3.2025 година Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје на својата седница ја утврди Предлог-одлуката која на ден 16.4.2025 година, врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва, како и на член 51 од став 2 алинеја 1 и 2 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.

Собранието на акционери, имајќи ги предвид обврските врз основа на член 384, 487 и на член 490 од Законот за трговските друштва и на член 36 од Правилата за котација, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.